Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНО-НАДЗОРНИ РАБОТИ

Дата: 18-980/13

Арх.бр.: 25-02-2026

**Извештај**
**за извршен надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво на Општина Лозово за 2025 година**

Комисијата за вршење надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво, формирана од страна на министерот за животна средина и просторно планирање со Решение бр. 18-1096/1 од 06.02.2023 година, а согласно Планот за вршење на надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животнага средина на локално ниво донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр.18-1043/1 од 04.03.2025 година спроведе надзор на законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на Општина Лозово. Надзорот е извршен врз основа на прашалник кој претходно беше доставен до надлежните органи од страна на министерството, а потоа пополнет и доставен од страна на Општина Лозово

Во областа на спроведувањето на законот за инспекциски надзор може да се набројат неколку точки согласно одговорите во прашалникот, имено:

1. Согласно Актот за систематизација, Општина Лозово нема предвидено работно место инспектор за животна средина;
2. Општина има воспоставена заедничка администрација за вршење инспекциски надзор во областа на животната средина со општина Свети Николе;
3. Општина Лозово нема донесено Предлог Програма за инспекциски надзор во животната средина до Државниот инспекторат за животна средина кој согласно член 12 (4) од Законот за инспекциски надзор во животната средина директорот на ДИЖС треба да ја донесе врз основа на Предлог-Програми подготвени од општините и од Градот Скопје.;
4. Општина Лозово нема подготвен Годишен План за инспекциски надзор согласно членот 33 од Законот за инспекциски надзор, истиот не е доставен до ДИЖС кој согласно член 15 од Законот за инспекциски надзор во животната средина треба врз основа на поединечно подготвените Годишни планови од страна на Државниот инспекторат за животна средина и општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, да подготви Годишен План за инспекциски надзор во животната средина на Република Северна Македонија. Општина Лозово нема постапено по член 14 од Законот за инспекциски надзор во животната средина односно Годишниот План го нема доставено на мислење до МЖСПП.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНО-НАДЗОРНИ РАБОТИ
Дата..............................
Арх.бр.............................

5. Општина Лозово има потреба од обуки за инспекциски надзор во делот на заоконот за инспекциски надзор во животната средина.

- **Да се постапи согласно член 12 (4) од Законот за инспекциски надзор односно Предлог Програма за инспекциски надзор во животната средина да се достави до Државен инспекторат за животна средина (рок за постапување – 1 месец).**
- **Да се постапи по член 14 од Законот за инспекциски надзор во животната средина односно годишниот план да го достави на мислење до МЖСПП (рок за постапување – 10 месеци).**

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор во животната средина Општина Лозово треба да постапи по горенаведените укажувања и по изминување на дадениот рок да го извести Министерството за животна средина и просторно планирање.

Скопје, 2025 година

Претседател на Комисија
Тања Пауновска ____________________

Членови од Комисијата присутни на надзорот:

Тања Кироска Донски ____________________
Lumni Jashari ____________________


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk